Архивски број: 08- 412/5
30-10- 2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-412/1 од 16.05.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] во Скопје, против [redacted] вработен во Регионален центар за гранични работи Север при Министерството за внатрешни работи, со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 18 (зграда на МРТВ) кат 4 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 1.10.2024 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на [redacted] врз [redacted] врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-412/1 од 16.5.2024 година од [redacted] од Скопје, против [redacted] вработен во Регионалниот центар за гранични работи Север при МВР, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката најпрво наведува дека од страна на [redacted] во својство на раководно лице на функцијата Началник на Регионален центар за гранични работи Север при Министерството за внатрешни работи („**МВР**"), со акт бр. 22.17.3060/1 од 16.11.2021 – Предлог за распоредување на работно место полицаец Администратор и ракувач со материјално-технички средства во полициската станица за граничен надзор, бил прераспореден на наведеното работно место со Решение бр. 226 – 109902/1 од 29.11.2021, со што му било ускратено правото за стекнување на повисоко звање кое било утврдено во Правилникот за систематизација на работни места во МВР СД бр. 13.3-4/1 од 18.01.2019 година во категорија Ж3 со која е определено звањето „виш полицаец".

Подносителот наведува дека бил подложен на различен третман од останатите вработени кои на овие работни места при распоредување од претходно звање полицаец согласно категоријата Ж3, се стекнувале со звањето „виш полицаец" согласно систематизацијата. Ускратувањето на правото било спротивно на член 2 став 1 алинеи 2,3 и 4 од Уредбата за начинот на стекнување на звањата и ознаките на звањата на полициските службеници. Подносителот имал работен стаж од повеќе од 20 години во категоријата Ж4 (основно работно место) до денот на распоредувањето на новото работно место Администратор и ракувач со материјално-технички средства во полициската станица за граничен надзор Чашка и наведува дека му биле одземени предвидените бодови за нивото на работното место со стекнување на тоа звање.

Понатаму наведува дека од денот на распоредувањето, посочениот дискриминатор, со издавање на „усни наредби" имал за цел да го изолира подносителот и да го ограничи со неодобрување на плановите за стручно усовршување. Подносителот тврди дека му било одземено правото на учество на обуки кои биле предвидени за 2022 година за оспособување на работник за самостојно вршење на работите определеното работно место, како и од континуираните обуки кои

се спроведувале за другите вработени, како обуки за законска регулатива, обуки за администратор и обуки за работа на компјутер, а кои раководителот на ПС за ГН Чашка ги имал предвидено со Образецот за утврдување на работните цели и задачи и индивидуален план за стручно усовршување со бр. 22.17.12-08/207 од 27.12.2024 година. Согласно наведеното, подносителот изнесува дека веќе две ипол години бил исклучен од предвидените обуки кои биле одобрени за останатите вработени, од страна на потенцијалниот дискриминатор, што било спротивно на член 2 став 2 од Правилникот за обука во МВР со бр. 13.1-46736/1 од 9.3.2015 година. Понатаму, подносителот се повикува и на член 7 став 4 алинеи 2 и 3 од Законот за работните односи и тврди дека е дискриминиран врз основа на неговиот статус како синдикален претставник.

Дополнително, за време на овие две ипол години, подносителот тврди дека му била забранета и прекувремена работа, а со тоа му се ограничиле еднаквите можности со другите вработени и му било одземено правото за остварување на бонус плата. Имено, забраните не се однесувале на [redacted] и [redacted] на кои секој месец им била одобрена прекувремена работа до 32 работни часови, при исто административно определено работно време. Подносителот побарал да биде ангажиран со прекувремена работа на 8.5.2024 година, денот кога се одвиваа претседателските и парламентарните избори, на што Помошникот командир [redacted] му одговорил: „Јас кажувам кој може да биде ангажиран во прекувремена работа". Притоа, истакнал дека на себеси и на Командирот на ПС за ГН Чашка одобрил прекувремена работа за истиот ден, што можело да се потврди во месечниот план и распоред за работа за месец мај 2024 година. Подносителот наведува дека и од месечните планови и распореди од 2022, 2023 и 2024 година може да се забележи дека на скоро сите вработени во ПС за ГН Чашка им била исплатена прекувремената работа, а неговите графи се со коси црти, односно празни.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази</u>:

1. Решение бр. 226-109902/1 од 29.11.2021;
2. Образец за утврдување на работните цели и задачи и индивидуален план за стручно усовршување бр. 22.17.12-08/207 од 27.12.2024 на ПС за ГН Чашка;
3. Образец за оценување на работникот за 2022 година бр. 22.17.12-08/207 од 29.12.2024;
4. Извештај за полугодишно интервју бр. 22.17.12-08/88 од 30.05.2024.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 31.5.2024 година испрати Известување бр. 08-412/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] на адресата на Регионален центар за гранични работи Север при МВР.

На ден 17.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на [redacted] како одговор на претставката, заведено под бр. 08-412/3.
Во одговорот, потенцијалниот дискриминатор најпрво потврдува дека лицето [redacted] е вработен во Регионалниот центар за гранични работи Север како полицаец администратор и ракувач со МТС, а потоа наведува и дека бил преземен на работа од Министерството за одбрана во 2007 година со што бил распореден на работното место полицаец во СВР Скопје. Од 11.9.2020 година со Решение бр. 22.6-69339/1 од јули 2020 година, подносителот бил распореден на работно место полицаец во полициската станица за граничен надзор Танушевци при Регионалниот центар за гранични работи Север. Потоа, поради празно работно место полицаец администратор и ракувач со МТС, а со цел извршување на работните задачи функционирање на полициската станица на ГН Чашка, подносителот бил распореден на наведеното работно место со Решение бр. 22.6-109902/1. Во член 38 од Колективниот договор на МВР, работникот може да биде распореден на друго работно место доколку истото е слободно или упразнето, ако ги исполнува условите пропишани со актот за систематизација на работно место утврдени за работното место на кое се

распоредува работникот и ако истото е идентично по вид, во рамки на исто ниво согласно Класификацијата на работни места. Во однос на работното место на ниво од Ж3, тоа било виш полицаец – водич на службено куче во ПС за ГН Шашка, место кое е пополнето од 21.10.2019, поради што подносителот не можел да биде распореден на веќе пополнето работно место. Согласно член 32 став 1, алинеја 7 од Колективниот договор на МВР за работник да биде унапреден потребно е да не бил казнуван поради кршење на работната дисциплина или неисполнување на работните обврски. Против подносителот имало покренато повеќе од пет дисциплински постапки во изминатиот период, што претставувало уште една причина за неговото движење во служба. Се потенцира дека во Колективниот договор не е наведено дека со исполнување на некои од наведените услови, лицето треба задолжително да биде унапредено, односно распоредено на работно место на повисоко ниво.
Во однос на забраната за посета на обуките, спротивно на наводите од претставката, се наведува дека подносителот имал посетено обука и бил номиниран како слушател на обуки од различни области согласно неговиот опис и попис на работното место. Поконкретно, подносителот не поседува овластувања за на терен, бидејќи истиот се грижи за административниот дел на полициската станица, а во делокругот на неговите работни обврски спаѓаат: улогата на полициски службеник за време на избори, обука од областа на Отсек за криминалистичко разузнавачка анализа – Полициско работење водено од разузнавање, како и обуки при секојдневно работење за унапредување на работата кои се реализираат од страна на Раководителите на смена и сите законски промени со кои треба да бидат запознаени сите полициски службеници.
Во врска со ангажирањето за прекувремена работа, наведено е дека од страна на раководителите не биле дадени никакви насоки за неангажирање на полициските службеници. Имено, кога имало неопходна потреба од ангажирање на подносителот за прекувремена работа во делокругот на неговите работни задачи (административни работи, работи со материјално-технички средства, планови за гаѓање и слично) тој бил ангажиран. Меѓутоа, во неговиот делокруг на работа не спаѓаат полициски работи на терен како вршење на патролна или мотопатролна дејност.

На 18.9.2024 до Комисијата беше доставена Ургенција од страна на подносителот заведена под бр. 08-412/4 со која тој бара во најбрз можен рок да се одговори по неговиот предмет.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по неа и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката [redacted] од Скопје, бил распореден од работно место полицаец на работно место полицаец администратор и ракувач со материјално-технички средства во полициската станица за гранични работи Чашка, поради упразнување на тоа работно место. Подносителот не бил унапреден од основно работно место ниво Ж4 на виш полицаец на работно ниво Ж3 бидејќи работното место виш полицаец – водич на службено куче во ПС за ГН Чашка веќе било пополнето.

Во делокругот на работните задачи на подносителот спаѓаат административни работи, како изработка на прегледи и прибирање на податоци за анализа, водење на образец бр.2 и останати документи, уредно водење на евиденциите со кои е задолжен, водење евиденција за чување на оружје и муницијата и другите средства кои ги должи полициската станица, водење евиденција за службените возила, изготвување на секакви акти и навремено праќање до надлежните институции и вршење набавка на потребните средства за полициската станица, утврдени со Образецот за утврдување на работните цели и задачи и индивидуален план за стручно усовршување со бр. 22.17.12-08/207 кое како доказ го приложи подносителот, но меѓу нив не спаѓаат и полициски работи на терен, како вршење на патролна или мотопатролна дејност.

Во однос на посетата на обуки, во Образецот за утврдување на работните цели и задачи и индивидуален план за стручно усовршување за период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година со бр. 22.17.12-08/207 биле предвидени обука за работа на администратори, обука од законска регулатива и обука за работа со компјутер. Исто така, во Извештајот за полугодишно интервју со

бр. 22.17.12-28/88 од 30.5.2023 година, [redacted] дал проценка за [redacted] на „средно ниво" и предложил тој да посети обука за видеонадзор системот и за водење на регистри. Подносителот бил номиниран како слушател и посетил обуки согласно неговото работно место.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

Дополнително, забраната за дискриминација е предвидена и во **член 6 став 1 од Законот за работните односи** според кој *„работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности"*.

Во смисла на наведеното, фактот што [redacted] не бил унапреден на повисоко звање, заедно со изнесеното тврдење за членство во синдикат, сами по себе не се доволни за да се извлече заклучок за нееднаков третман во споредба со некој друг. Поточно, за да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот во однос на останатите колеги наведени како компаратори во случајот и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа. Исто така, треба да станува збор за споредлива или слична ситуација.

Комисијата утврди дека не постои каузалност помеѓу наведената дискриминаторска основа во претставката и наводниот дискриминаторски третман. Имено, членството на [redacted] во еден од синдикатите на МВР не било причина да тој биде ставен во наводна понеповолна положба, односно да биде распореден на работно место полицаец Администратор и ракувач со материјално-технички средства во полициската станица за граничен надзор. Истото било направено поради тоа што наведеното работно место било празно, а со цел ефикасно извршување на работните задачи и функционирање на полициската станица на ГН Чашка.

Дополнително, објективна пречка за унапредување на подносителот бил и фактот што против него имало покренато повеќе од пет дисциплински постапки во изминатиот период.

Нееднаков третман не постоел ниту во однос на посета на обуки, бидејќи подносителот имал посетено обука и бил номиниран како слушател на обуки од различни области согласно неговиот опис и попис на работното место, а имајќи предвид дека тој не поседува овластувања за на терен, бидејќи се грижи за административниот дел на полициската станица.

Последно, во однос на прекувремената работа, истото се наложува кога има неопходна потреба од ангажирање на работникот за прекувремена работа во делокругот на неговите работни задачи, но со оглед на тоа што во делокругот на работа на подносителот на претставката не спаѓаат полициски работи на терен, како вршење на патролна или мотопатролна дејност, не може да станува збор за иста или споредлива ситуација со колегите на кои им била наложувана прекувремена работа од тој вид.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација врз основа на членство во синдикат од страна на Бобан Димитровски кон Дејан Саздов.

Скопје
30.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- 